РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-121/3
07-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 05.02.2024 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-4900/1 од 16.10.2023 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Управата за финансиска полиција.

Предметот со број 12-4900/1 од 16.10.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 12.04.2023 година, поднесена е пријава против ___________ ___ ________ и други службени лица вработени во ___________, при што ДКСК оформи предмет број 12-4900/1 од 16.10.2023 година.

Во доставената пријава се наведува за можна злоупотреба на службената положба при спроведена постапка за јавна набавка на инсулински игли и ленти за мерење на шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот јануари 2023 декември 2024 година за потребите на населението на РСМ.

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара податоци и информации од ___________ ___ _______ со достава на прилог документација и детално образложение за спроведената и реализирана предметна постапка.

Во законски предвидениот рок доставено е известување со прилог документација и од увидот во истата ДКСК има основано сомнение за неправилности во делот на трошењето на јавните средства.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, а предметната пријава да се достави на надлежност на Управата за финансиска полиција, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до
- Подносителот на пријавата

Изработил: П.Б,
Одобрил : Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk